# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНАТА БИТОЛА

Службено гласило на Општината Битола излегува по потреба

www.bitola.gov.mk

**Број 18, година LII**
**Понеделник, 25.10.2021**
Битола

**e-mail:bitola@t-home.mk**


Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката со која Советот на Општина Битола го овластува постоечкиот Управен одбор за Наградата „4-ти Ноември“, да одлучи за пристигнатите предлози

1. Ја објавувам Одлуката со која Советот на Општина Битола го овластува постоечкиот Управен одбор за Наградата „4-ти Ноември“, да одлучи за пристигнатите предлози, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 25.10.2021 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-930/1 — ГРАДОНАЧАЛНИК
25.10.2021 год. — на Општината Битола,
Б и т о л а — м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола“ број 10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општина Битола на седницата одржана на 25.10.2021 година, донесе

## О Д Л У К А
## со која Советот на Општина Битола го овластува постоечкиот Управен одбор за Наградата „4-ти Ноември“, да одлучи за пристигнатите предлози

### Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Битола го овластува постоечкиот Управен одбор за Наградата „4-ти Ноември“, да одлучи за пристигнатите предлози.

### Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.09-138/3 — ПРЕТСЕДАТЕЛ
25.10.2021 г. — на Советот на Општината Битола
Б и т о л а — Валентин Груевски

Врз основа на член 10 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), член 27 од Статутот на Општинскиот фонд за наградата „4 Ноември“ („Службен гласник на Општината Битола“ бр.7/99 и 5/2002) и член 2 став 2 од Правилникот за организација и работа на Управниот одбор на Фондот за наградата „4 Ноември“ („Службен гласник на Општината Битола“ бр.7/99, 10/2001 и 5/2002), Управниот одбор на Фондот за наградата „4-ти Ноември“ – Општина Битола на седницата одржана на 25.10.2021 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за доделување на Општинската награда „4 Ноември“, за животно дело за 2021 година**

**Член 1**

Општинската награда „4 Ноември“, за животно дело му се доделува на

**ПЕТАР МИРЧЕВСКИ – актер**
**ПРЕДЛАГАЧ: НУ Народен Театар – Битола**

**Човек вреди онолку колку што зад себе ќе остави траги, траги кои говорат за неговиот придонес во она што го работи, што дејствува, траги кои оставаат печат на едно време во кое таа личност постоела.**

Таков печат остава и првенецот на Народниот Театар Битола, актерот Петар Мирчевски.

Тој е актер која придонесе оваа театарската куќа да биде на високо ниво на која се наоѓа денес, личност која го претставуваше и го претставува македонскиот театар и филм во нашата држава, во Европа и во Светот.

Неговиот придонес е огромен во создавањето на заштитниот квалитативен знак на Народниот театар од Битола, во креирањето на репертоарската политика, во создавањето на нови млади актерски кадри, во придонесот за создавање на позитивната колективна атмосфера во ансамблот.

Ова го спроведува за време на неговиот четиридеценски ангажман во театарот и оваа година го прославува својот 40 годишен јубилеј на неговата професионална актерска дејност.

Петар Мирчевски роден е во Крушево 1956 година. Основно образование започнува во с.Растојца, Крушевско кое го продолжува во Битола, и живее до денес. Средното образование го завршува во Гимназијата „Јосип Броз Тито“Битола. За време на гимназиските денови се вклучува во драмската секција во гимназијата и станува член на младинската сцена при Народниот театар Битола.

По завршувањето на средното образование се запишува на Високата музичка школа – оддел за драмски актери (1975). Се истакнува со својот талент, темперамент и дипломира со претставата „одам на лов“ од Жорж Фејдо.

По завршувањето на своите студии се вклучува во Битолскиот народен театар и од 01.09.1979 година е постојан член на ансамблот каде сеуште остварува бројни актерски остварувања, успеси и го презентира македонскиот театар по сите меридијани на светот.

Од низата реализирани улоги на својата матична сцена и на сцените на другите театри, повеќето од нив се водечки, стожерни, главни и ги има над 160 одиграни премиери.

Талентот на Петар Мирчевски, неговиот оргинален артизам со посебна филозофија, со умешност за создавање на живи и духовити карактери добија свое заокружување, свој индивидуален печат во голем број на класични, современи, домашни драмски дела.

Од над 160 актерски театарски остварувања кои ги одигра на многу сцени во нашата земја, како и голем дел во странство на многу значајни тетарски фестивали, во познати тетарски куќи дел се: Сирано де Бержерак – Едмон Ростан, Ричард III – Шекспир, Крал Иби – Жари, Жаволштините на Скапен – Молиер, Сон на летната ноќ – Шекспир, Декамерон – Бокачо, хамлет – Шекспир, Весели жени од Виндзор – Шекспир, и многу други.

Исто така тој се промовира и со своите актерски дострели на полето на филмот. Голем дел од тие филмски проекти учествуваат на врвни светски филмски фестивали. Негови позначајни филмски остварувања се во филмовите: „Пред дождот“-Милчо Манчевски, „Прашина“-Милчо Манчевски, „Сенки“-Милчо Манчевски, Мајки“-Милчо Манчевски, „Врба“-Милчо Манчевски, „На млечниот пат“-Емир Кустурица, „Фалсификатор“-Горан Марковиќ, „Продолжи“-Астар Лет и многу други.

Петар Мирчевски денес е еден од најангажираните и најактивни театарски и филмски актери кои несебично соработуваат со младите генерации и прават театарската и филмската уметност да бидат на високо ниво во нашата земја и да бидат ценети и валоризирани надвор од неа.

**Член 2**

Наградата за животно дело му се доделува во вид на плакета и паричен износ од 60.000 денари.

**Член 3**

Наградата се доделува по повод „4 Ноември“ - Денот на ослободувањето на Битола.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

**Бр. 0916-139/3**
**25.10.2021 год.**
**Б и т о л а**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Управниот одбор на Фондот за**
**Општинската награда „4 Ноември“,**
**Валентин Груевски**

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ ,, 5/02), член 34 и член 38 од Законот за култура („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/1998; 49/2003; 82/2005; 24/2007; 116/2010; 47/2011; 51/2011; 136/2012; 23/2013; 187/2013; 44/2014; 61/2015; 154/2015 , 39/2016, 11/2018,) Градоначалникот на Општината Битола донесе

РЕШЕНИЕ
за разрешување на ВД Директор на Општинска јавна установа
„Зоолошка градина,, Битола

1. Марјан Наловски ВД Директор на ОЈУ ,,Зоолошка градина ,, Битола се разрешува од функцијата ВД Директор заклучно со 20.02.2021 година поради истек на мандат.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општината Битола,,

**Образложение**

Со Решение за именување на ВД Директор на Општинска јавна установа „Зоолошка градина,, Битола бр. 08-717/2 од 19.08.2020 година Марјан Наловски е именуван за ВД Директор на установата.
Имајќи го во предвид фактот што мандатот на ВД Директорот истече се одлучи како во диспозитивот.

Бр. 08-172/1
19.02.2021.
Битола

Градоначалник
на Општина Битола
м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ „ 5/02) и член 34 и член 38 од Законот за култура („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/1998; 49/2003; 82/2005; 24/2007; 116/2010; 47/2011; 51/2011; 136/2012; 23/2013; 187/2013; 44/2014; 61/2015; 154/2015 , 39/2016, 11/2018.) Градоначалникот на Општината Битола донесе

## РЕШЕНИЕ
### за именување на ВД Директор на Општинска јавна установа „Зоолошка градина„ Битола

1. За ВД Директор на ОЈУ „Зоолошка градина „ Битола се именува Марјан Наловски од Битола вработена во јавната установа.
Функцијата ВД Директор ја превзема од 21.02.2021 година.

2.Мандатот на ВД Директор е во траење до избор на Директор на установата но не повеке од 6 месеци.

3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола„.

### Образложение

Со разрешување на постојниот ВД Директорот на установата, настанаа услови за примена на член 34 од Законот за култура по кој член Градоначалникот на општината обезбедувајки континуитет во работата на установата именува ВД Директор во јавната установа од редот на вработените.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот.

Бр. 08-172/2
19.02.2021.
Битола

Градоначалник
на Општина Битола
м-р Наташа Петровска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр.5/2002), и член 93 в, од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015 ,145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017,64/18) Градоначалникот на Општина Битола , донесе

# РЕШЕНИЕ

**за разрешување на ВД Директор на Средно општинско училиште „Таки Даскало„ " Битола**

1. **Владо Ѓорѓиевски**, ВД Директор на СОУ „Таки Даскало„ Битола **се разрешува** од функцијата ВД Директор заклучно со 01.03.2021 година, поради завршување на мандат.

2.Се задолжува разрешениот ВД Директор со именованиот ВД Директор во рок од 3 (три) дена да извршат примопредавање на правата и должностите, а во согласност со позитивните законски прописи.

3.Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник„ на Општина Битола„.

## Образложение

Со Решение за именување на ВД Директор на Средното општинско училиште „Таки Даскало„ Битола, бр.08- 752/2 од 01.09.2020 година, за ВД Директор е избран Владо Ѓорѓиевски.
Имајки го во предвид фактот што мандатот на ВД директорот е завршен, се одлучи како во диспозитивот на решението.

Примерок од Решението да се достави до архивата на Средното општинско училиште „Таки Даскало„ Битола, до архивата на општинската администрација и еден примерок на разрешениот В.Д. Директор .

**Бр. 08-216/1**
**01.03.2021 година**
**Битола**

**ОПШТИНА БИТОЛА**
**Градоначалник**
**м-р Наташа Петровска**

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр.5/2002), и член 93 в, од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015 ,145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017, 64/18) Градоначалникот на Општина Битола , донесе

# РЕШЕНИЕ

**за именување на ВД Директор на Средно општинско училиште „Таки Даскало„ Битола**

1.За ВД Директор на СОУ „Таки Даскало„ Битола **СЕ ИМЕНУВА**
**Добре Босилковски**, ВСС Филозовски факултет Дипломиран социолог вработен во училиштето.

2.Функцијата В.Д. Директор ја превзема од 02.03.2021 година.

3.В.Д. Директор ги врши работите до именувањето на нов Директор, но не подолго од 6 (шест) месеци од денот на негово именување.

4.Се задолжува В.Д. Директорот со разрешениот ВД Директор во рок од 3 (три) дена да извршат примопредавање на правата и должностите, а во согласност со позитивните законски прописи.

5.Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Битола„.

## Образложение

Поради обезбедување на континуитет во Средното општинско училиште „Таки Даскало„ Битола, имајки го во предвид фактот што мандатот на ВД Директорот на училиштето е завршен, согласно член 93 -в од Законот за средно образование, Градоначалникот именува В.Д. Директор.

Од горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Примерок од Решението да се достави до архивата на Средното општинско училиште „Таки Даскало„ Битола, до архивата на општинската администрација и избраниот В.Д. Директор.

**Бр. 08-216/2**
**01.03.2021 година**
**Битола**

**ОПШТИНА БИТОЛА**
**Градоначалник**
**м-р Наташа Петровска**

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр.5/2002), член 24-а од Закон за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија„ бр. 38/1996; 9/1997; 6/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015, 39/2016, 64/2018 и 35/2019) и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/2019) Градоначалникот на Општина Битола, донесе

**РЕШЕНИЕ**
за разрешување на вршител на должноста
директор на ЈП „Водовод„ Битола

1.Се разрешува **Горан Козаров** од функцијата вршител на должноста директор на ЈП „ Водовод„ Битола поради завршување на мандатот заклучно со 13.03.2021. година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето , а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола„.

Образложение

Согласно член 50 од Законот за локална самоуправа , член 24 а, од Законот за јавните претпријатија , а по истекот на мандатот на ВД Директор на ЈП „Водовод„ Битола се одлучи како во диспозитивот на решението.

Примерок од решението да се достави на разрешениот ВД Директор, архивата на Општината Битола и архивата на ЈП.

Бр. 08- 251/1
12.03.2021
Битола

Градоначалник
на Општината Битола
м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр.5/2002), член 24а од Закон за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија„ бр. 38/1996; 9/1997; 6/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015, 39/2016, 64/2018 и 35/2019) и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/2019) Градоначалникот на Општина Битола, а по донесувањето на Решението за разрешување на ВД Директор на јавно претпријатие„Водовод„ Битола донесе

**РЕШЕНИЕ**
за именување вршител на должноста
директор на ЈП „Водовод„, Битола

1.За вршител на должноста директор на ЈП „Водовод„ Битола **се именува Горан Козаров м-р по индустриски менаџмент** од Битола, сметано од 14.03.2021.

2. ВД Директор се именува за време додека се изврши избор на Директор на ЈП, но не подолго од 6 месеци.

3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола„.

Образложение

Согласно член 50 од Законот за локална самоуправа, член 24 а, од Законот за јавните претпријатија, а заради обезбедување на континуитет и непреченост во работата на Јавното претпријатие по донесувањето на Решението за разрешување на ВД Директор на ЈП „Водовод„ Битола, Градоначалникот на општината именува ВД Директор во јавното претпријатие.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на Решението.

Примерок од решението да се достави на именованиот ВД Директор, архивата на Општината Битола и архивата на ЈП.

Бр. 08- 253/2
12.03.2021
Битола

Градоначалник
на Општината Битола
м-р Наташа Петровска

*Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр.5/2002), член 24а од Закон за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија„ бр. 38/1996; 9/1997; 6/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015 , 39/2016, 64/2018 и 35/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/2019) Градоначалникот на Општина Битола, донесе*

**РЕШЕНИЕ**
*за разрешување на вршител на должноста директор на ЈП за урбанистичко планирање, проектирање и инженеринг Битола*

*1.Се разрешува* ***Марија Божиновска*** *од функцијата вршител на должноста директор на ЈП за урбанистичко планирање, проектирање и инженеринг Битола заклучно со 06.05.2021. година.*

*2. Се задолжува разрешениот ВД Директор со именованиот ВД Директор веднаш да извршат примопредавање на правата и обврските во се согласно закон.*

*3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето , а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола„.*

*Образложение*

*Согласно член 50 од Законот за локална самоуправа , член 24 а, од Законот за јавните претпријатија , се одлучи како во диспозитивот на решението.*

*Примерок од решението да се достави на разрешениот ВД Директор, архивата на Општината Битола и архивата на ЈП.*

*Бр. 08- 390/1*
*04.05.2021 г.*
*Битола*

*Градоначалник*
*на Општината Битола*
*м-р Наташа Петровска*

*Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр.5/2002), член 24а од Закон за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија„ бр. 38/1996; 9/1997; 6/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015, 39/2016 , 64/2018 и 35/2019) и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/2019) Градоначалникот на Општина Битола, а по донесувањето на Решението за разрешување на ВД Директор на ЈП за урбанистичко планирање, проектирање и инженеринг Битола донесе*

***Р Е Ш Е Н И Е***

*за именување вршител на должноста директор на ЈП за урбанистичко планирање, проектирање и инженеринг Битола*

*1.За вршител на должноста директор на ЈП за урбанистичко планирање, проектирање и инженеринг Битола **се именува Љубо Атанасовски ВСС Дипломиран инженер архитект** од Битола, сметано од 07.05.2021 година.*

*2. Се задолжува разрешениот ВД Директор со именованиот ВД Директор веднаш да извршат примопредавање на правата и обврските во се согласно закон.*

*3. ВД Директор се именува за време додека се изврши избор на Директор на ЈП, но не подолго од 6 месеци.*

*4. Решението влегува во сила со денот на донесувањето , а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола„.*

*О б р а з л о ж е н и е*

*Согласно член 50 од Законот за локална самоуправа , член 24 а, од Законот за јавните претпријатија , а заради обезбедување на континуитет и непреченост во работата на Јавното претпријатие по донесувањето на Решението за разрешување на ВД Директор на ЈП за урбанистичко планирање, проектирање и инженеринг Битола Градоначалникот на општината именува ВД Директор во јавното претпријатие.*

*Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на Решението.*

*Примерок од решението да се достави на именованиот ВД Директор, архивата на Општината Битола и архивата на ЈП.*

*Бр. 08- 390/2*
*04.05.2021 г.*
*Битола*

*Градоначалник*
*на Општината Битола*
*м-р Наташа Петровска*

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр.5/2002), член 24а од Закон за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/1996; 9/1997; 6/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015; 39/2016; 64/2018 и 35/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/2019) Градоначалникот на Општина Битола, донесе

**РЕШЕНИЕ**
за разрешување на вршител на должноста
директор на јавно претпријатие за
стопанисување со индустриска зона Жабени Битола

1.Се разрешува **Анита Крстевска** од функцијата вршител на должноста директор на јавно претпријатие за стопанисување со индустриска зона Жабени Битола поради завршување на мандатот заклучно со 15.05.2021 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето , а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општината Битола,,.

Образложение

Согласно член 50 од Законот за локална самоуправа , член 24 а, од Законот за јавните претпријатија , се одлучи како во диспозитивот на решението.

Примерок од решението да се достави на разрешениот ВД Директор, архивата на Општината Битола и архивата на ЈП.

Бр. 08-414/1
14.05.2021
Битола

Градоначалник
на Општината Битола
м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр.5/2002), член 24а од Закон за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/1996; 9/1997; 6/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015; 39/2016; 64/2018 и 35/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/2019) Градоначалникот на Општина Битола, а по донесувањето на Решението за разрешување на ВД Директор на јавно претпријатие за стопанисување со индустриска зона Жабени Битола донесе

**РЕШЕНИЕ**

за именување вршител на должноста директор на јавно претпријатие за стопанисување со индустриска зона Жабени Битола

1.За вршител на должноста директор на јавно претпријатие за стопанисување со индустриска зона Жабени Битола **се именува Анита Крстевска ВСС Дипломиран економист** од Битола, сметано од 16.05.2021 година.

2. ВД Директор се именува за време додека се изврши избор на Директор на ЈП, но не подолго од 6 месеци.

3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето , а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола„.

Образложение

Согласно член 50 од Законот за локална самоуправа , член 24 а, од Законот за јавните претпријатија , а заради обезбедување на континуитет и непреченост во работата на Јавното претпријатие по донесувањето на Решението за разрешување на ВД Директор на јавно претпријатие за стопанисување со индустриска зона Жабени Битола, Градоначалникот на општината именува ВД Директор во јавното претпријатие.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на Решението.

Примерок од решението да се достави на именуваниот ВД Директор, архивата на Општината Битола и архивата на ЈП.

Бр. 08-414/2
14.05.2021
Битола

Градоначалник
на Општината Битола
м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 50 став (1) точка 12 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија", бр. 5/02), член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија„ бр. 27/2014, 199/2014 , 27/2016 , 35/2018 , 198/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија„ бр. 143/2019 и 14/2020) и член 54 од Статутот на општината Битола („Службен гласник на Општината Битола „ бр. 10/05) Градоначалникот на Општината Битола, донесе

**ПРАВИЛНИК**
**за изменување и дополнувања на Правилникот за систематизација на работните места на Општинската администрација во Општината Битола**

Член 1

Со овој Правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на Општинската администрација во Општината Битола бр. 01-02 од 03.09.2015 година ,

Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на Општинската администрација во Општината Битола 01/1 од 09.08.2016 година ,

Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на Општинската администрација во Општината Битола бр. 01-01/1 од 10.05.2017 година ,

Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на Општинската администрација во Општината Битола бр.01-01/1 од 26.04.2018 година

Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на Општинската администрација во Општината Битола бр. 01-02/1 од 03.08.2018 година

Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на Општинската администрација во Општината Битола бр. 01-03/1 од 30.10.2018 година

Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на Општинската администрација во Општината Битола бр. 01-01/1 од 31.07.2019 година и

Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на Општинската администрација во Општината Битола бр. 01-02/1 од 19.11.2019 година

и тоа во глава II „Распоред и опис на работни места на административни службеници, помошно технички лица и овластени службени лица во областа на безбедноста„ членот 11 се менува и гласи:

„Член 11

Во рамките на категориите , нивоата за инспекторите дополнително се опишуваат со звање и тоа:

Б2 - главен инспектор;

Б3 - помошник главен инспектор;

Б4 - виш инспектор;

В1 - советник инспектор;
В2 - самостоен инспектор;
В3 - помошник инспектор и
В4 - помлад инспектор.

За пополнување на работно место за категоријата Б и В кандидатот , треба да ги исполнува следниве општи услови:

- да е државјанин на Република Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

Во рамките на категоријата Б кандидатот за инспектор треба да ги исполнува следниве **посебни услови** за работното место:

**а) стручни квалификации** за сите нивоа - ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен;
**б) работно искуство**, и тоа:
- за нивото Б2 најмалку пет години работно искуство по дипломирањето од кои најмалку две години како инспектор
- за нивоата Б3 и Б4 - најмалку четири години работно искуство по дипломирањето, од кои најмалку една година како инспектор;

**в) општи работни компетенции** за сите нивоа - согласно со Рамката на општи работни компетенции
Потребни општи работни компетенции на **напредно ниво** и тоа:
- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест;
- ориентираност кон странките/засегнати страни;
- раководење; и
- финансиско управување и
**г) посебни работни компетенции** за сите нивоа
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење, за сите нивоа
- познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски).
-потврда за положен испит за административно управување

Член 2

Во глава II „Распоред и опис на работни места на административни службеници, помошно технички лица и овластени службени лица во обласста на безбедноста,, членот 12 се менува и гласи:

„Член 12

Во рамките на **категоријата В** кандидатот треба да ги исполни следниве **посебни услови** за работното место согласно закон:

**а) стручни квалификации**, и тоа:
- за нивото В1 - ниво на квалификација VIA според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен и
- за нивоата В2, В3 и В4 - ниво на квалификација VIБ според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен

**б) работно искуство**, и тоа:
- за нивото В1 - најмалку три години работно искуство по дипломирањето,
- за нивото В2 - најмалку две години работно искуство по дипломирањето,
- за нивото В3 - најмалку една година работно искуство по дипломирањето,
- за нивото В4 - со и без работно искуство по дипломирањето;

**в) општи работни компетенции** за сите нивоа - согласно со Рамката на општи работни компетенции . Потребни општи работни компетенции на **средно ниво** и тоа:
- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест;
- ориентираност кон клиенти/засегнати страни; и
- финансиско управување.

**г) посебни работни компетенции** за сите нивоа
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски)

Кандидатите за инспектор имаат обврска да се стекнат со лиценца за соодветната област.

Член 3

Во глава III „Опис на работните места во Општина Битола,, во Секторот за правно нормативни административни и општи работи, во Одделение за административни и општи работи во работното место со реден број 9 назив на работното место „Раководител на одделение за административни и општи работи,, делот вид на образование се менува и гласи: „Правни науки, или организациони науки и управување (менаџмент) или градежништво и водостопанство,,.

Член 4

Во глава III „Опис на работните места во Општина Битола,, во Секторот за правно нормативни административни и општи работи, во Одделение за административни и општи работи работното место со реден број 11 назив на работното место „Советник Правни

работи и застапување,,се брише.

Член 5

Во глава III „Опис на работните места во Општина Битола,, во Сектор за финансиски прашања, работното место со реден број 31-б назив на работното место „Помошник Раководител на сектор за финансиски прашања за областа администрирање на приходи и јавни набавки, , се брише.

Член 6

Во глава III „Опис на работните места во Општина Битола,, во Секторот за финансиски прашања, во Одделение за администрирање со приходи во работното место со реден број 51 назив на работното место „Самостоен референт Даночен извршител,, делот вид на образование се менува и гласи: „Вишо или средно гимназиско образование или средно стручно образование (правна или економска струка),,.

Член 7

Во глава III „Опис на работните места во Општина Битола,, во Секторот за финансиски прашања, во Одделение за јавни набавки во работното место со реден број 52 назив на работното место „Раководител на одделение за јавни набавки,, делот други посебни услови се менува и гласи:
„соодветна потврда за положен испит за лице за јавни набавки,,

Член 8

Во глава III „Опис на работните места во Општина Битола,, во Секторот за финансиски прашања, во Одделение за јавни набавки во работното место со
реден број 53 „Советник водење на постапка за јавни набавки,, делот други посебни услови се менува и гласи:
„соодветна потврда за положен испит за лице за јавни набавки,,

Член 9

Во глава III „Опис на работните места во Општина Битола,, во Секторот за финансиски прашања, во Одделение за јавни набавки во работното место со
реден број 54 „Советник изработка на техничка документација и спецификација од јавни набавки од областа на урбанизмот, комуналните дејности ,уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина,,
делот други посебни услови се менува и гласи:
„соодветна потврда за положен испит за лице за јавни набавки,,

Член 10

Во глава III „Опис на работните места во Општина Битола,, во Секторот за финансиски прашања, во Одделение за јавни набавки во работното место со
реден број 55 „Советник изработка на техничка документација и спецификација од јавни набавки од областа на канцелариски материјал, печатење, греење, одржување и осигурување на опрема,,
делот други посебни услови се менува и гласи:
„соодветна потврда за положен испит за лице за јавни набавки,,

Член 11

Во глава III „Опис на работните места во Општина Битола,, во Секторот за финансиски прашања, во Одделение за јавни набавки по работното место со реден број 55 назив на работното место „Советник Изработка на техничка документација и спецификација од јавни набавки од областа на канцелариски материјал , печатење, греење, одржување и осигурување на опрема,, се додава ново работно место 55-а кое гласи:

| | |
|---|---|
| 2. Сектор за финансиски прашања | |
| 2.4.Одделение за јавни набавки | |
| **Реден број** | 55-а |
| **Шифра** | УПР 0101В03000 |
| **Ниво** | В3 |
| **Звање** | Соработник |
| **Назив на работно место** | **Соработник за следење на договорите за јавни набавки** |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Раководител на одделение |
| **Вид на образование** | Економски науки или организациони науки и управување (менаџмент) |
| **Други посебни услови** | соодветна потврда за положен испит за лице за јавни набавки |
| **Работни цели** | Ефикасно, ефективно и навремено спроведување на рутински работи и задачи во постапките за јавни набавки во согласност со општите упатства на раководителот на одделението во функција на подршка и анализа на постапките за јавни набавки и следење на реализацијата на договорите за јавни набавки |
| **Работни задачи и обврски** | - континуирано ги следи законските прописи и други општи акти од областа на јавните набавки,<br><br>- во координација со надлежните сектори, учествува во подготовката на документацијата за јавните набавки;<br><br>- ги следи текот на јавните набавки и врши анализа на истите<br><br>- евидентира документи и учествува при следење на реализација во врска со склучени договори и други работи од областа на јавните набавки;<br><br>- помага при оформување на техничката документација, техничката спецификација и стандардите поврзани со јавните набавки;<br><br>- учествува при водење на грижа за примената на стандардите (македонски, европски, меѓународни) и технички атести; |

| | |
|---|---|
| | - помага во објавување на оглас за јавни набавки<br>- помага во подготовката на годишниот план за јавни набавки;<br>- помага во ажурирање податоци кои согласно закон се доставуваат до надлежна институција за јавни набавки, |

Член 12

Во глава III „Опис на работните места во Општина Битола„ во Секторот за финансиски прашања, во Одделение за јавни набавки во работното место со
реден број 57 „Помлад соработник техничка документација„
делот други посебни услови се менува и гласи:
„соодветна потврда за положен испит за лице за јавни набавки„

Член 13

Во глава III „Опис на работните места во Општина Битола„ во Секторот за финансиски прашања, во Одделение за јавни набавки во работното место со
реден број 58 „Помлад соработник правно нормативни работи од постапка за јавни набавки„ делот други посебни услови се менува и гласи:
„соодветна потврда за положен испит за лице за јавни набавки„

Член 14

Во глава III „Опис на работните места во Општина Битола„ во Секторот за финансиски прашања„ , во Одделение за буџетска контрола„ по работното место со реден број 59 назив на работното место „Раководител на одделение за буџетска контрола„ се додава ново работно место 59-а кое гласи:

| 2.Сектор за финансиски прашања | |
|---|---|
| 2.5.Одделение за буџетска контрола | |
| **Реден број** | 59-а |
| **Шифра** | УПР 0101В01000 |
| **Ниво** | В1 |
| **Звање** | Советник |
| **Назив на работно место** | **Советник за изготвување на годишни и квартални финансиски извештаи** |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Раководител на одделение |
| **Вид на образование** | Економски науки |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | Ефикасно, ефективно, навремено, самостојно извршување најсложени работи и задачи во одделението |

| | |
|---|---|
| | поврзани со изготвување на извештаи од областа на контрола на буџетското работење. |
| **Работни задачи и обврски** | - подготвува материјали за извршувањето на буџетот на општината и изготвува неделни, месечни, прегледи на остварени приходи по приходни сметки,<br><br>- врши подготовка на кварталниот извештај за извршување на буџетот , подготовка на месечните, квартални и годишни планови за трошење на средствата од буџетот на општината, и го следи нивното извршување,<br><br>- дава стручна помош за изготвување на годишната сметка на буџетот на општината, и за изготвувањето на годишниот извештај,<br><br>- врши подготовка на Годишниот финансиски извештај од Законот за јавна внатешна финансиска контрола;<br><br>- изготвува извештај за превземените договорни обврски, врши планирање и управување со ликвидноста;<br><br>- врши стручна обработка на прашањата што се од значење за примена на законските одредби, и изготвува тези за изработка на прописи, општи акти и информативн аналитички матерјали,<br><br>- изготвува анализи, информации и други матерјали и дава стручни појаснувања и мислења за законите и другите прописи и општи акти, |

Член 15

Во глава III „Опис на работните места во Општина Битола,, во Секторот за спроведување на урбанистички планови , урбанистичко планирање , заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежното земјиште, во Одделение за спроведување на урбанистички планови во работното место со ред број 63 назив на работното место „ Советник Издавање на одобренија за градба и други управни акти,,
во делот на работни задачи и обврски алинеа 2 се менува и гласи:
„изготвува решенија за објекти за кој не е потребно одобрение, решенија за промена на градител како и одобрение за градење за изградба на објекти на земјоделско земјиште,,.

Член 16

Во глава III „Опис на работните места во Општина Битола,, во Секторот за спроведување на урбанистички планови , урбанистичко планирање , заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежното земјиште, во Одделение за спроведување на урбанистички планови во работното место со ред број 70 назив на работното место „ Референт административни работи од урбанизам,, делот вид на образование се менува и

гласи: „Вишо или средно гимназиско образование или насока архитектура„.

Член 17

Во глава III „Опис на работните места во Општина Битола„ во Сектор за економски развој, јавни дејности и информатичка технологија, работното место со реден број 88 назив на работното место „Помошник Раководител на сектор за економски развој, јавни дејности и информатичка технологија за областа јавни дејности , се брише.

Член 18

Во глава III „Опис на работните места во Општина Битола„ во Секторот за економски развој , јавни дејности и информатичка технологија, Одделение за економски развој во работното место со реден број 89 назив на работното место „Раководител на одделение за економски развој„ делот вид на образование се менува и гласи: „Економски науки или образование или градежништво и водостопанство.„

Член 19

Во глава III „Опис на работните места во Општина Битола„ во Секторот за економски развој , јавни дејности и информатичка технологија, Одделение за економски развој во работното место со реден број 91-а назив на работното место „Советник за енергетика, енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија„ во делот број на извршители бројот„1„ се заменува со бројот„2„

Член 20

Во глава III „Опис на работните места во Општина Битола„ во Сектор за економски развој, јавни дејности и информатичка технологија, во Одделение за економски развој работното место со реден 92 назив на работното место „Соработник електрична инфраструктура во проекти за економскиот развој„ се брише.

Член 21

Во глава III „Опис на работните места во Општина Битола„ во Секторот за економски развој , јавни дејности и информатичка технологија, Одделение за економски развој по работното место со ред број 92-б назив на работното место „ Соработник за водење на евиденција на проекти финансирани од ЕУ , фондови, агенции и друг вид грантови„ се додава ново работно место 92-в кое гласи:

| 5. Секторот за економски развој, јавни дејности и информатичка технологија | |
|---|---|
| 5.2 Одделение за економски развој | |
| **Реден број** | 92-в |
| **Шифра** | УПР 0101В03000 |
| **Ниво** | В3 |
| **Звање** | Соработник |
| **Назив на работно место** | **Соработник за работа на инфраструктурни проекти** |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Раководител на одделение |
| **Вид на образование** | архитектура, урбанизам и планирање |

| **Други посебни услови** | |
|---|---|
| **Работни цели** | Ефикасно , ефективно и навремено спроведување на рутински работи и работни задачи од делокругот на одделението, под надзор и контрола на раководителот на одделението, во насока на координација и следење и изготвување на техничка документација за инфраструктурни проекти |
| **Работни задачи и обврски** | -ги следи и проучува законските прописи и другите општи акти од областа на локалната самоуправа , економскиот развој, законот за градење и комуналните дејности,<br><br>-излегува на увид , води потребни записи и помага во работата во одделението при реализација на подготовка на инфраструктурни проекти<br><br>- помага во работата во одделението при подготвување и комплетирање на техничка документација за инфраструктурни проекти<br><br>- врши следење на состојбата од надлежност на одделението<br><br>- врши средување и чување на документацијата од надлежност на одделението<br><br>-обработува документација како основа за изработка на анализи и информации;<br>- прибира податоци , информации и материјали кои се потребни при изготвување на планот за работа на одделението,<br><br>-врши стручна обработка на прашањата што се од значење за одделението;<br>-учествува во изготвување на стратешки документи;<br>-изготвува стручно-аналитички и други материјали; |

Член 22

Во глава III ,,Опис на работните места во Општина Битола,, во Секторот за економски развој , јавни дејности и информатичка технологија, Одделение за јавни дејности по работното место со ред број 97-а назив на работното место ,, Советник за згрижување и воспитание на деца,, се додава ново работно место 97-б кое гласи:

| 3.Секторот за економски развој, јавни дејности и информатичка технологија | |
|---|---|
| 3.2 Одделение за јавни дејности | |
| **Реден број** | 97-б |
| **Шифра** | УПР 0101В01000 |
| **Ниво** | В1 |
| **Звање** | Советник |

| Назив на работно место | Советник за социјални услуги за ранливи групи |
|---|---|
| Број на извршители | 1 |
| Одговара пред | Раководител на одделение |
| Вид на образование | Преработка на анимални производи или социјална работа и социјална политика |
| Други посебни услови | |
| Дополнителен услов | - статус на лице со посебни потреби, |
| Работни цели | Ефикасно, ефективно и навремено самостојно извршување на најсложени работи и задачи од областа на социјалната заштита, изготвување на акти и грижа за реализација на годишните програми за ранливи, маргинализирани групи, |
| Работни задачи и обврски | - ги следи и применува прописите од областа на локалната самоуправа, социјалната заштита,<br><br>- изготвува и предлага документацијаза аплицирање на домашни и странски проекти од областа на социјални услуги за ранливи групи<br>- изготвува и предлага посебни програми за интеграција на маргинализираните групи<br>- ја следи реализацијата на социјалниот план<br>- врши идентификација на ранливи групи на население, процена на нивните потреби, долгорочна заштита и задоволување на нивните потреби преку различни видови на социјалните услуги,<br>- развива партнерства за развој и имплементација на програми за социјална заштита<br>- развива партнерства во локалната заедница со цел промовирање и обезбедување на пристап до квалитетно образование за лица со посебни потреби,<br>- врши работи на воведување патролни социјални работници за деца на улица-улични деца питачи, бездомници, жртви на семејно насилство, стари лица без семејна грижа ,<br>-остварува контакти и соработува со претставниците на здруженија на граѓани кој работата на социјална заштита<br>-учествува или раководи со работата на проектните тимови за реализација на проекти од областа на социјалната заштита |

Член 23

Во глава III „Опис на работните места во Општина Битола„ во Секторот за економски развој , јавни дејности и информатичка технологија, Одделение за јавни дејности во работното место со ред број 101 назив на работното место „Помлад соработник заштита и спасување на граѓаните , материјалните добра и справување со кризи„ во делот вид на образование по зборовите „одбрана„ се додаваат зборовите „или безбедност„.

Член 24

Во глава III „Опис на работните места во Општина Битола„ во Сектор општински

инспекторат, Одделение за комунална инспекција и инспекција за животна средина Работното место со реден број 111 назив на работното место,,Советник Овластен инспектор за животна средина,, во делот други посебни услови текстот се брише.

Член 25

Во глава III ,,Опис на работните места во Општина Битола,, во Сектор општински инспекторат, Одделение за комунална инспекција и инспекција за животна средина работното место со реден 113 назив на работното место ,,Референт технички секретар,, во делот број на извршители бројот,,2,, се заменува со бројот,,1,,

Член 26

Во глава III ,,Опис на работните места во Општина Битола,, во Секторот за општински инспекторат, Одделение за инспекција за приходи, туризам, угостителство, образование и спорт, работното место под реден број 123 ,,Советник Овластен инспектор за туризам,, се брише.

Член 27

Во глава III ,,Опис на работните места во Општина Битола,, во Секторот за општински инспекторат, Одделение за инспекција за приходи, туризам, угостителство, образование и спорт, работното место по реден број 124 ,,Советник Овластен просветен инспектор,, делот други посебни услови се менува и гласи:

,,Има пет години работно искуство во воспитно образовна установа верифицирана од Министерството за образование и наука.,,

Член 28

Во глава III ,,Опис на работните места во Општина Битола,, во Секторот за општински инспекторат, Одделение за инспекција за приходи, туризам, угостителство, образование и спорт, после работното место под реден број 124 ,,Советник Овластен просветен инспектор се додава ново работно место 124-а , кое гласи;

| 5. Секторот – општински инспекторат | |
|---|---|
| 5.2 Одделение за инспекција за приходи, туризам, угостителство, образование и спорт | |
| **Реден број** | 124-а |
| **Шифра** | УПР 0101В03000 |
| **Ниво** | В3 |
| **Звање** | Соработник |
| **Назив на работно место** | **Соработник за административна подршка , подготвување и комплетирање на документација** |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Раководител на одделение |
| **Вид на образование** | Организациони науки и управување (менаџмент) или економски науки |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | Ефикасно , ефективно и навремено спроведување на рутински работи и работни задачи од делокругот на |

| | |
|---|---|
| | одделението, под надзор и контрола на раководителот на одделението, во насока на давање на административна подршка координација и следење , изготвување и средување на документација |
| **Работни задачи и обврски** | -ги следи и проучува законските прописи и другите општи акти од областа на локалната самоуправа , данок на имот,угостителската дејност, туристичката дејност и образование<br><br>-излегува на увид , води потребни записи и помага во работата на сите инспектори во одделението со кој е излезен на терен на кој има дава целосна административна подршка<br><br>- помага во работата во одделението при подготвување и комплетирање на документација<br><br>- врши следење на состојбата од надлежност на одделението<br><br>- врши средување и чување на документацијата од надлежност на одделението<br><br>-обработува документација како основа за изработка на анализи и информации;<br>- прибира податоци , информации и материјали кои се потребни при изготвување на планот за работа на одделението,<br><br>-врши стручна обработка на прашањата што се од значење за одделението;<br>-учествува во изготвување на стратешки документи;<br>-изготвува стручно-аналитички и други материјали;<br><br>- прибира податоци , информации и материјали кои се потребни при изготвување на планот за работа на одделението, |

Член 29

Во глава III „Опис на работните места во Општина Битола,, во Секторот за внатрешна ревизија во работното место со ред број 125 назив на работното место „ Раководител на сектор за внатрешна ревизија,, во делот Други посебни услови се додаваат зборовите „ да поминал обука и положил испит за овластен внатрешен ревизор во јавниот сектор според Програма за полагање на испит за овластен внатрешен ревизор или да поседуваат меѓународно признат ревизорски сертификат,,.

Член 30

Во глава III „Опис на работните места во Општина Битола,, во Секторот за внатрешна ревизија, Одделение за ревизија на системите за внатрешна контрола и ревизија на

усогласеност (регуларност) во работното место
со ред број 126 назив на работното место „ Раководител на одделение за ревизија на системите за внатрешна контрола и ревизија на усогласеност (регуларност)
во делот други посебни услови се додаваат зборовите:
„ да поминал обука и положил испит за овластен внатрешен ревизор во јавниот сектор според Програма за полагање на испит за овластен внатрешен ревизор или да поседуваат меѓународно признат ревизорски сертификат„.

Член 31

Во глава III „Опис на работните места во Општина Битола„ во Секторот за внатрешна ревизија, Одделение за ревизија на успешност во работењето (извршувањето) финансиска ревизија и ИТ ревизија„ во работното место
со ред број 130 назив на работното место „ Раководител на одделение за ревизија на успешност во работењето (извршувањето) финансиска ревизија и ИТ ревизија„
во делот други посебни услови се додаваат зборовите:
